*Службен весник на Република Македонија бр.13/2006*

**Закон**
**за гаранција на Република Македонија по Договорот за заем склучен меѓу Европската банка за обнова и развој и ЈП Електростопанство на Македонија за реализација на Проектот за сектор енергетика**

**Член 1**

Република Македонија го гарантира намирувањето на обврските по Договорот за заем за реализација на Проектот за сектор енергетика склучен на 22 декември 1993 година помеѓу Европската банка за обнова и развој и ЈП Електростопанство на Македонија.

Договорот за заем од ставот 1 на овој член е склучен на иницијален износ од 46.500.000 германски марки.

Од иницијалниот износ, на 30 ноември 1997 година откажани се 12.594.574,63 германски марки, со што задолжувањето кон Европската банка за обнова и развој создадено со склучување на Договорот за заем кое го гарантира Република Македонија изнесува 33.905.425,37 германски марки.

**Член 2**

Сите финансиски обврски по основ на камата и провизија од Договорот за заем од членот 1 на овој закон, како и сервисирањето на остатокот од главницата од заемот во износ од 5.461.522 евра, ќе ги намирува АД МЕПСО - "Оператор на електропреносниот систем на Македонија ", акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост-Скопје, од приходите кои ги остварува, во рокови и услови, утврдени во Договорот за заем.

**Член 3**

Заемот од членот 1 на овој закон се отплаќа на следниот начин:

Рокот на отплата е 12 години со вклучен грејс период од 3 години и варијабилна каматна стапка - шестмесечен ЛИБОР плус 1%.

Заемот се отплаќа во еднакви полугодишни рати кои доспеваат за плаќање на 10 јануари и 10 јули секоја година, почнувајќи од 10 јули 1997 година, а завршувајќи на 10 јули 2009 година.

**Член 4**

Доколку пристигнатите обврски врз основа на камата и главнина, во роковите утврдени со Договорот за заем, во име на АД МЕПСО ги плати Република Македонија, АД МЕПСО е должно во рок од 30 дена, од денот на извршувањето на обврската да пренесе, во корист на сметката на приходите на Буџетот на Република Македонија, денарски средства во висина на извршеното плаќање, зголемено за пресметаната камата и за настанатите трошоци поврзани со соодветната трансакција.

Министерот за финансии може да издаде налог до Управата за јавни приходи за блокирање на средствата на АД МЕПСО по основа на враќање на ДДВ со цел да се намират пристигнатите обврски кон кредиторот, односно да се надоместат на државата денарски средства во висина на извршеното плаќање, зголемено за пресметаната камата и за настанатите трошоци поврзани со соодветната трансакција.

**Член 5**

Formatted

АД МЕПСО од сопствени приходи, секоја фискална година во времето на важност на Договорот за заем, во резервниот фонд формиран за реализација на програмата за развој ќе обезбедува и распоредува финансиски средства во износ од 5% од бруто приходите кои што се наплатуваат за дадените услуги за пренос на електрична енергија и управување со електро-енергетскиот систем.

**Член 6**

Министерството за финансии и АД МЕПСО ќе склучат Договор за обезбедување на издадената гаранција кон Европска банка за обнова и развој од членот 1 од овој закон.

**Член 7**

Со влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за ратификација на Договорот за гаранција меѓу Република Македонија и Европската банка за обнова и развој (Проект за сектор енергетика), ("Службен весник на Република Македонија Меѓународни договори" бр.48/94).

**Член 8**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".